**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и член $129^{а}$ од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02), 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Хисар со број 17-1209/18 од 22.12.2021 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За спроведување на Јавен увид

**на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1853, м.в.„Прчи Дол", КО Слепче, Општина Демир Хисар**

Се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1853, м.в.„Прчи Дол", КО Слепче, Општина Демир Хисар, изработен од „ГЕО БАЛКАН " ДООЕЛ Битола, со техн.бр 11-06/2022 од Март 2021, доставен од страна на инвеститорот Мегаволтаик ДОО Скопје, ул.Пелистерска бр.2-1/2, Карпош, Скопје, преку овластениот полномошник „ГЕО БАЛКАН" ДООЕЛ Битола.

Граници на планскиот опфат на Урбанистичкиот проект се:
-На север граничи со катастарската парцела КП 1852 КО Слепче.
-На исток граничи со катастарската парцела КП 4154 КО Слепче.
-Од јужна страна граничи со катастарската парцела КП 1854 КО Слепче.
-На запад граничи со катастарската парцела КП 1848 КО Слепче.
Опфатот на вака предложениот Урбанистички проект има површина од 631 $м^2$ или 0,06 Ха..

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Демир Хисар- www.demirhisar.gov.mk., во времетраење од 15 дена, почнувајќи од 23.06.2022 год. до 08.07.2022 година.

Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје дека во горе-наведениот рок може да достават забелешки, предлози, мислења на анкетни листови во општинската администрација.

Информации на тел. 047/ 552 661.

изработил: Катерина Радовска
одобрил: Соња Наумовска

Бр. 11-414/6
23.06.2022

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски